# НЛБ АМЕРИКА – Скопје
# Отворен Инвестициски Фонд

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за годината која завршува на 31 декември 2025**
**со Извештај на независниот ревизор**

## Содржина

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 |
| Биланс на состојба или Извештај за нето имотот на инвестицискиот фонд | 4 |
| Биланс на успех или Извештај за добивката или загубата на фондот | 5 |
| Извештај за промени во нето-имотот | 6 |
| Извештај за паричните текови | 7 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 8-30 |
| Прилози | |

Grant Thornton

# Извештај на независниот ревизор

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија
**Т** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**Е** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

До сопствениците на удели на
НЛБ Америка-отворен инвестициски фонд

## Извештај за ревизијата на финансиските извештаи

*Мислење*

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Америка-отворен инвестициски фонд (во понатамошниот текст „Фондот“), коишто го вклучуваат билансот на состојба или извештај за нето имот на инвестицискиот фонд на ден 31 декември 2025 година и билансот на успех или извештај за добивката или загубата на фондот, извештајот за промени во нето-имотот и извештајот за паричните текови за годината којашто завршува тогаш и белешките кон финансиските извештаи, вклучувајќи и информации за материјалните сметководствени политики.

Според нашето мислење, придружните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Фондот на ден 31 декември 2025 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со регулативата на Комисијата на хартии од вредност на Република Северна Македонија и сметководствените стандарди во примена во Република Северна Македонија.

*Основа за мислење*

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР)[1]. Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи од овој извештај. Ние сме независни од Фондот во согласност со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања.

Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

*Останати прашања*

Финансиски извештаи на Фондот со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2024 година се ревидирани од друг ревизор кој во својот извештај од 3 март 2025 година изразил мислење без резерва за истите.

*Други информации*

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од извештај за работа на НЛБ Америка-отворен инвестициски фонд изготвени од раководството во согласност со Законот за инвестициски фондови, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај. Нашето мислење за финансиските извештаи не се однесува на останатите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во Извештајот за други правни и регулаторни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиските извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме останатите информации и притоа да разгледаме дали останатите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето знаење прибавено во ревизијата или поинаку произлегува дека се материјално погрешно прикажани. Ако, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие останати информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР”) преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 273 од 2024 година, кои стапија на сила на 01 јануари 2025 година.

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

*Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвување и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со регулативата на Комисијата на хартии од вредност на Република Северна Македонија и сметководствените стандарди во примена во Република Северна Македонија и за таква внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Фондот да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Фондот или да го прекине работењето, или нема  друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиското известување на Фондот.

*Одговорност на ревизорот за ревизијата на финансиски извештаи*

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина се ослободени од материјално погрешно прикажување, било како резултат на измама или грешка, и да издадеме ревизорски извештај кој го вклучува нашето мислење. Разумното уверување е високо ниво на уверување, но не е гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални ако, поединечно или во вкупен износ, од нив може разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на  тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешните контроли.
- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на  Фондот.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените процени и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на примената на претпоставката за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството, и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можноста на Фондот да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Фондот да престане да работи според претпоставката на континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци во внатрешната контрола што ги идентификуваме во текот на ревизијата.

Grant Thornton

## Извештај за други правни и регулаторни барања

Како што е наведено во пасусот *Други информации*, Раководството на Фондот е одговорно за изготвување на извештајот за работа на НБЛ Америка отворен инвестициски фонд во 2025 година во согласност со член 114 од Законот за инвестициски фондови. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на извештајот за работа на НБЛ Америка-отворен инвестициски фонд во 2025, со историските финансиски податоци објавени во ревидираните финансиски извештаи на Фондот со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025, во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски податоци објавени во извештајот за работа на НБЛ Америка-отворен инвестициски фонд во 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со податоците објавени во ревидираните финансиски извештаи на Фондот со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025.

Сузана Ставриќ
Управител
Грант Торнтон ДОО, Скопје

Сузана Ставриќ
Овластен ревизор

Скопје, 16 април 2026 година

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО ИМОТОТ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД
## НА ДЕН 31.12.2025 ГОДИНА
### НЛБ Америка Отворен инвестициски фонд
### 9110000000119

во денари

| | Белешка | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|---|
| **ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 6 | 43.362.251 | 1.556.311 |
| **Вложувања во хартии од вредност и депозити** | | | |
| Финансиски средства кои се чуваат за тргување | 7 | 586.485.260 | 167.614.210 |
| Вложувања кои се чуваат до доспевање | 8 | 30.000.000 | 20.300.000 |
| **ОСТАНАТИ СРЕДСТВА** | | | |
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | 9 | 162.148 | 80.041 |
| Побарувања по основ на камата и останати средства | 10 | 129.676 | 39.011 |
| **Вкупно средства** | | **660.139.335** | **189.589.574** |
| **ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и останати обврски | | - | 302.251 |
| **ОСТАНАТИ ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски кон друштвото за управување со фондови | 11 | 1.669.843 | 502.059 |
| Обврски кон депозитарната банка | | 131.771 | 51.239 |
| Обврски по основ на дозволени трошоци на фондот | | 62.960 | 18.020 |
| **ВКУПНО КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | | **1.864.575** | **873.569** |
| **Нето имот на фондот** | | **658.274.760** | **188.716.005** |
| Број на издадени удели | | 3.549.238,1375 | 1.063.195,3060 |
| Нето имот по удел | | 185,4693 | 177,4989 |
| Издадени удели на инвестицискиот фонд | | 843.994.062 | 375.249.577 |
| Повлечени удели на инвестицискиот фонд | | (232.346.472) | (197.567.523) |
| Добивка/загуба во тековната финансиска година | | 35.593.220 | 29.256.886 |
| Задржана добивка/загуба од претходните периоди | | 11.033.950 | (18.222.936) |
| **Вкупно обврски спрема изворите на средства** | | **658.274.760** | **188.716.005** |

Белешките вклучени од 8 до 30 страна претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Овие финансиски извештаи се одобрени од Одбор на директори на 7 април 2026 и потпишани од:

**Извршен директор**
**Весна Каркинска**

**Главен извршен директор**
**Лазе Камчев**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ИЛИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКАТА ИЛИ ЗАГУБАТА НА ФОНДОТ
## ЗА ПЕРИОДОТ 01.01 - 31.12.2025 ГОДИНА
## НЛБ Америка Отворен инвестициски фонд
## 9110000000119

**во МКД**

| Позиција | Белешка | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | | |
| Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти | 12 | - | - |
| Приходи од камата и амортизација на премија (дисконт) на средства со фиксно доспевање | 13 | 937.124 | 292.948 |
| Позитивни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност) | 14 | 1.701.688 | 240.477 |
| Приходи од дивиденди | 15 | 3.041.219 | 1.143.469 |
| Останати приходи | | 1.845 | 292.530 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | **5.681.876** | **1.969.424** |
| **РАСХОДИ** | | | |
| Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти | 12 | 159.589 | - |
| Негативни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност) | 14 | 1.973.669 | 435.290 |
| Расходи од односите со друштвото за управување | 16 | 11.988.254 | 3.790.945 |
| Расходи од камата | | 9.696 | - |
| Надоместок на депозитарна банка | 17 | 1.546.904 | 500.949 |
| Надоместок на Комисија за хартии од вредност | | 476.970 | 150.518 |
| Трансакциски трошоци | | 119.675 | - |
| Намалување на средства | | 1 | 3 |
| Останати дозволени трошоци на фондот | 18 | 126.528 | 85.089 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **16.401.285** | **4.962.795** |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ОД ВЛОЖУВАЊА ОД ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | | **(10.719.409)** | **(2.993.371)** |
| **НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ) ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | | |
| Нереализирани добивки (загуби) на вложувања во финасиски инструменти | 19 | 77.766.716 | 25.785.582 |
| Нереализирани добивки ( загуби) од деривативни инструменти | | - | - |
| Нето курсни разлики од вложувања во хартии од вредност | 20 | (31.454.086) | 6.464.674 |
| **ВКУПНО НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ) ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | **46.312.630** | **32.250.257** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА НЕТО ИМОТОТ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО ФОНДОТ** | | **35.593.220** | **29.256.886** |

Белешките вклучени од 8 до 30 страна претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА НЕТО-ИМОТОТ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01 - 31.12.2025 ГОДИНА
**НЛБ Америка Отворен инвестициски фонд**
**9110000000119**

**во МКД**

| Позиција | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|
| **ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА НЕТО - ИМОТОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ** | | |
| Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност | **(10.719.409)** | **(2.993.371)** |
| Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти | 46.312.630 | 32.250.257 |
| **ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА НЕТО-ИМОТОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ** | **35.593.220** | **29.256.886** |
| Приливи од продажба на издадени документи за удел/акции на фондот | 468.744.485 | 93.616.949 |
| Одливи од повлекување на удели / акции на фондот | (34.778.950) | (33.238.694) |
| **ВКУПНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) ОД СТРАНСАКЦИИ СО УДЕЛИ / АКЦИИ НА ФОНДОТ** | **433.965.535** | **60.378.255** |
| **ВКУПНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА НЕТО ИМОТОТ** | **469.558.755** | **89.635.141** |
| **НЕТО ИМОТ** | | |
| На почетокот на периодот | 188.716.005 | 99.080.864 |
| На крајот на периодот | 658.274.760 | 188.716.005 |
| **БРОЈ НА ИЗДАДЕНИ И ПОВЛЕЧЕНИ УДЕЛИ / АКЦИИ НА ФОНДОТ** | | |
| Издадени удели / акции на фондот во периодот | 2.677.278,7093 | 559.504,2950 |
| Повлечени удели / акции на фондот во периодот | (191.235,8778) | (204.252,5181) |
| **БРОЈ НА УДЕЛИ / АКЦИИ НА ФОНДОТ** | **2.486.042,8315** | **355.251,7769** |

Белешките вклучени од 8 до 30 страна претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01 - 31.12.2025 ГОДИНА
**НЛБ Америка Отворен инвестициски фонд**
**9110000000119**

**Во МКД**

| | Белешка | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
|---|---|---|---|
| Добивка или загуба | | 35.593.220 | 29.256.886 |
| Нереализирани позитивни и негативни курсни разлики | | - | - |
| Исправка на вредноста на побарувањата и слични отписи | | - | - |
| Приходи од камата | | (937.124) | (292.948) |
| Расходи од камата | | (9.696) | - |
| Приходи од дивиденда | | (3.041.219) | (1.143.469) |
| Намалување на финансискиот имот | | - | - |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во преносливи хартии од вредност | | (428.571.050) | (88.771.968) |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во инструменти на пазарот на пари | | - | - |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во инвестициски фондови | | - | - |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во финансиски деривативни инструменти | | - | - |
| Приливи од камата | | 937.124 | 292.948 |
| Одливи од камата | | 9.696 | |
| Приливи од дивиденда | | 3.041.219 | 1.143.469 |
| Зголемување (намалување) на останатиот финансиски имот | | - | - |
| Зголемување (намалување) на останатиот имот | | (172.772) | (31.779) |
| Зголемување (намалување) на обврските по основ вложувања во финансиски инструменти | | (302.251) | 302.251 |
| Зголемување (намалување) на останатите финансиски обврски | | - | - |
| Зголемување (намалување) на обврските спрема друштвото за управување и депозитарната банка | | 1.248.316 | 272.303 |
| Зголемување (намалување) на останатите обврски од редовното работење | | 44.941 | 7.983 |
| **Паричен тек од редовното работење** | | **(392.159.595)** | **(58.964.324)** |
| Приливи од издавање на удели | | 468.744.485 | 93.616.949 |
| Одливи од откуп на удели | | (34.778.950) | (33.238.694) |
| Исплата на имателите на удел од остварената добивка | | - | - |
| Останати приливи од финансиски активности | | - | - |
| Останати одливи од финансиски активности | | - | - |
| **Паричен тек од финансиски активности** | | **433.965.535** | **60.378.255** |
| **Нето зголемување (намалување) на пари** | | **41.805.940** | **1.413.931** |
| Пари на почеток на периодот | | 1.556.311 | 142.381 |
| **Пари на крај на периодот** | **6** | **43.362.251** | **1.556.311** |

Белешките вклучени од 8 до 30 страна претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

## 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Отворениот Инвестициски Фонд НЛБ АМЕРИКА (во понатамошниот текст “Фондот”) е основан и работи согласно Законот за инвестициски фондови и е управуван од страна на друштвото за управување на фондови НЛБ Фондови АД Скопје (во понатамошниот текст “Друштвото“).

Друштвото има добиено Решение за основање на отворен инвестициски фонд КД ЈУЖЕН БАЛКАН од Комисијата за хартии од вредност(во понатамошниот текст “КХВ“) на ден 19.05.2008 година. Со Одлука на Комисијата за хартии од вредност(КХВ) број 03-037/2 од 18.03.2010 година, добиена е согласност за измени на Статутот на КД ЈУЖЕН БАЛКАН отворен инвестициски фонд и со што фондот се преименува во КД НОВА ЕУ отворен инвестициски фонд.

Фондот е преименуван во ГЕНЕРАЛИ НОВА ЕУ согласно со Решение УП бр. 1 08-66 од 07.08.2019 од Комисијата за хартии од вредност за давање на одобрение за измени и дополнувања на Статутот на фондот, со упис на решението во Централниот регистар на Република Северна Македонија со Решение бр. 35020190019288.

Согласно Решение УП бр. 1 08-338 од 23.01.2023 година, од Комисијата за хартии од вредност за измени на Статутот на фондот, истиот е преименуван во ГЕНЕРАЛИ АМЕРИКА. Фондот е преименуван во НЛБ АМЕРИКА согласно Решение од Комисијата за хартии од вредност УП бр. 1 08-68 од 12.09.2024 година, за измени и дополнувања на Статутот на фондот

Со Фондот управува Друштво за управување на фондови НЛБ Фондови АД Скопје, а во согласност и Статутот на Фондот.

Фондот е организиран како отворен инвестициски фонд, кој претставува посебен имот, без својство на правно лице, чии сопственици на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на Фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделот, со што би истапиле од Фондот.

Средствата на Фондот се целосно одвоени од средствата на Друштвото што управува и не можат да бидат предмет на побарувања ниту врз нив може да биде спроведено извршување од страна или за сметка на доверителот на Друштвото.

Фондот е запишан во регистарот на отворени фондови на КХВ.

Согласно Решението на КХВ, одобрено е НЛБ банка АД Скопје да биде депозитна банка на Фондот и со која е склучен Договор за вршење на работи на депозитна банка од 2021 година.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

Фондот е основан со цел прибирање на парични средства преку јавен повик за купување на документи за удел, од сите заинтересирани вложувачи, во согласност со Законот за инвестициони фондови, Статутот и Проспектот на Фондот.

Со прибраните парични средства на Фондот управува Друштвото со цел остварување пораст на вредноста на поединечниот удел, преку управување со ризиците од вложување на средства во финансиски инструменти, според определена инвестициона политика на Фондот.

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА

Фондот ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите законски финансиски извештаи во согласност со Законот за инвестициските фондови, Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка и Правилникот за сметковниот план, содржината на одделните сметки во сметковниот план на отворените фондови, како и формата и содржината на финансиските извештаи на отворените фондови. Со Правилникот за сметковниот план, содржината на одделните сметки во сметковниот план на отворените фондови, како и формата и содржината на финансиските извештаи на отворените фондови се пропишува дека состојбата и промените на состојбата на средствата, обврските и капиталот, како и приходите и расходите, и утврдувањето на финансискиот резултат од работењето се евидентираат во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди (“МСС”) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (“МСФИ”), преведени и објавени во Република Северна Македонија со Правилникот за водење на сметководство.

На 24 декември 2024 година, донесен е нов Правилник за сметковниот план, содржината на одделните сметки во сметковниот план на отворените фондови, во кој е пропишано дека состојбата и промените на состојбата на средствата, обврските и капиталот, како и приходите и расходите, и утврдувањето на финансискиот резултат од работењето се евидентираат во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди (“МСС”) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (“МСФИ”), преведени и објавени во Република Северна Македонија со Правилникот за водење на сметководство. Овој Правилник започна со примена од 1 јануари 2025 година. Дополнително утврдувањето на вредноста на средствата и обврските на Фондот се вршат во согласност со Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на цената по удел или по акции на инвестицискиот фонд.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 и 2024 година.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

Функционалната валута на Фондот е македонски денар ("Денар"). Сите износи во финансиските извештаи и соодветните белешки се прикажани во денари, освен доколку не е наведено поинаку.

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготвување на овие финансиски извештаи.

### 2.1 Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, со исклучок на вложувањата во хартии од вредност кои се вреднуваат според нивната објективна вредност

## 3. МАТЕРИЈАЛНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.1. Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства се водат во билансот на состојба според номиналната вредност. За целите на финансиските извештаи, парите се состојат од парични средства на сметки во домашна валута во комерцијални банки

Паричните средства на сметки во странска валута дневно се вреднуваат според средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на нивното вреднување.

### 3.2. Финансиски средства

Фондот ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, кредити и побарувања, финансиски средства расположливи за продажба и финансиски средства кои се чуваат до доспевање. Раководството ги класифицира своите вложувања во моментот на нивното првично признавање.

*Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби*

Оваа категорија на финансиски средства се состои од хартии од вредност за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање на добивка од краткорочни флуктации на цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои краткорочен фактички облик на остварување на добивка.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

*Кредити и побарувања*

Кредитите и побарувањата се не-дериватни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активниот пазар. Тие се појавуваат кога Фондот одобрува пари или услуги директно на комитенти без намера за размена на побарувањето.

*Финансиски средства расположливи за продажба*

Финансиските средства расположливи за продажба се оние наменети за чување на неодреден временски период, кои може да се продадат доколку се појави потреба за ликвидност или промени во каматните стапки, девизните курсеви или цените на акциите.

Набавките и продажбите на финансиските средства се евидентираат на датумот на кој Фондот има обврска да го купи или продаде средството.

*Финансиски средства  кои се чуваат до доспевање*

Вложувањата кои се чуваат до доспевање се не-деривативни финансиски средства со фиксни или одредливи начини на плаќање и фиксна доспеаност, при што раководството на Фондот има позитивна намера да ги чува до нивното доспевање. Доколку Фондот продаде значаен износ на финансиски средства кои се чуваат до доспевање пред нивното доспевање, целата

категорија на овие средства се рекласифицира во финансиски средства кои се чуваат за тргување.

*Почетно признавање на финансиските средства*

Купувањето и продавањето на финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби се признаваат на датумот на тргување- датум кога Фондот се обврзува да го купи или продаде средството

Сите финансиски средства различни од средствата по објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат според објективната вредност зголемена за трошоците на трансакцијата. Кредитите се признаваат кога се даваат готовински средства на позајмувачот.

Средствата по објективна вредност преку добивки  загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакиите се признаваат во билансот на успех.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

*Последователно мерење*

Средствата по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се признаваат по нивната објективна вредност или по нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка доколку со овие средства активно не се тргува на пазарот за хартии од вредност.

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на “средствата по објективна вредност преку добивки и загуби” се вклучуваат во билансот на успех како “нереализирани добивки и/или загуби” за периодот кога тие се јавуваат. Доколку хартиите од вредност се продадат или нивната доспеаност поминува, добивките и загубите се прикажани во Извештајот за добивките и загубите во рамките на “реализирана добивка и/или загуба.

Последователно, финансиските средства расположливи за продажба се евидентираат според нивната објективна вредност. Кредитите и побарувањата се евидентираат по нивната амортизирана набавна вредност со примена на методата на ефективна каматна стапка.

Добивките и загубите кои се јавуваат од промени во објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба се признаваат директно во капиталот, се до моментот на престанок на признавањето или во случај на нивно оштетување, при што акумулираните добивки или загуби, претходно признаени во капиталот, се признаваат во тековните добивки или загуби. Сепак, каматата пресметана користејќи ја методата на ефективна каматна стапка, како и позитивните и негативните курсни разлики на монетарните средства класифицирани како расположливи за продажба се признаваат во Билансот на успех. Дивидендите на хартии од вредност расположливи за продажба се признаваат во Билансот на успех во периодот кога ќе се обезбеди правото за примање на исплатата.

После почетното признавање, хартиите од вредност кои се чуваат до достасување се мерат според нивната амортизирана вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка. Нереализираните приходи од камата и амортизацијата на дисконтот/(премијата) се признаваат како приходи и трошоци за периодот.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

*Објективна вредност*

Објективната вредност е износот за кој средството може да биде разменето, или обврската подмирена помеѓу запознаени страни преку непосредна трансакција. Објективната вредноста на хартиите од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија се добива преку утврдување на нивната пазарна вредност. Само пазарните цени кои се резултат од тргување на Македонската берза на хартии од вредност се користат за утврдување на објективната вредност на хартиите од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија.

Објективната вредност на хартиите од вредност со кои се тргува во земјите во странство е еднаква на нивната пазарна вредност. При утврдување на објективната вредност на финансиските средства со кои се тргува во земјите во странство се користат единствено пазарните цени кои се резултат на регулаторните секундарни пазари.

*Амортизирана набавна вредноста*

Амортизираната набавна вредност ја претставува вредноста на идните парични текови дисконтирани со примена на ефективната каматна стапка. Ефективната каматна стапка е дисконтна стапка по која сегашната, дисконтирана вредност на сите идни парични текови се сведува на трошокот при почетно мерење, а претставува интерна стапка на принос на финансиското работење.

*Повторно признавање на финансиското средство*

Финансиските средства повторно се признаваат кога правото за добивање на паричниот тек од финансиските средства истекло или кога Фондот ги префрлил сите ризици и награди за сопственост. Финансиските расходи повторно се признаваат кога обврската е прекината, откажана или истечена.

### 3.3. Оштетување на финансиски средства

*Средства евидентирани по објективна вредност*

На секој датум на билансирање, Фондот проценува дали постои објективен доказ за Оштетување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се оштетени само доколку постои објективен доказ за оштетување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата и дека тој случај на загуба влијае на предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат вредносно да се проценат.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

Износот на загубата претставува разлика помеѓу евидентираниот износ на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основ на кредитот) дисконтирани со примена на изворната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Побарувањата со краткорочно доспевање не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употреба на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот биланс на успех.

Значително или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува објективен доказ при утврдувањето на можноста од оштетување. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативна загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредноста и тековната објективна вредност се признава во билансот на успех. Доколку, во последователниот период, објективната вредност на должнички инструмент класифициран како расположлив за продажба се зголеми, а зголемувањето може објективно да се поврзе со настан кој се јавува по признавањето на загубата поради оштетување во тековните добивки или загуби, загубата поради оштетување се намалува преку билансот на успех.

### 3.4. Побарувања

Побарувањата се евидентираат во моментот кога настанува право на Фондот за побарување на одредени износи на парични средства. Побарувањата ги опфаќаат побарувањата за дивиденди, камати за депозити во банки.

### 3.5. Деловни обврски

Обврските на фондот ги опфаќаат:
- -Обврски спрема имателите на удели;
- -Обврски спрема друштвото за управување со фондови;
- -Обврски спрема депозитната банка;
- -Други тековни обврски.

### 3.6. Нето имот на Фондот

Нето имотот на Фондот го сочинуваат вкупните средства на Фондот намалени за вредноста на обврските на Фондот

### 3.7. Вредност на уделот

Вредноста на поединечниот удел ја преставува вредноста на нето имотот на Фондот поделен со вкупниот број на удели на датумот на пресметка.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

### 3.8. Приходи од камати

Приходите од камати произлегуваат од дадени депозити во банки и се прикажуваат во моментот на нивното настанување за периодот за кој се однесуваат без оглед дали се наплатени.

### 3.9. Расходи

Расходите ги опфаќаат расходите од односи со друштвото за управување со фондови, надоместоци на депозитната банка и останати деловни расходи на Фондот и се признаваат во моментот на настанување на самата трансакција од која што произлегуваат.

Расходите од односи со друштвото за управување со фондови потекнуваат од надоместок во вид на управувачка провизија која треба ја плати Фондот на Друштвото за управување со фондови во висина на 3% годишно од нето вредноста на имотот на Фондот. Ваквиот надоместок се пресметува на дневна основа.

Расходите од надоместок на депозитарната банка потекнува од надомест кој треба да го плати Фондот на избраната депозитарна банка во висина од 0.25% годишно од вредноста на нето имотот на Фондот. Ваквиот надомест се пресметува на дневна основа.

Расходите спрема Комисијата за хартии од вредност потекнуваат од надомест во висина од 0.12%, согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците, кој се исплаќа еднаш месечно, како збир на сите дневни вредности на надоместок за месецот на кој што се однесува пресметката.

Расходите за посредничка провизија се однесуваат на надоместоци кои се исплаќаат на финансиските посредници (брокери и брокерски куќи) кои купуваат хартии од вредност во име на Фондот.

### 3.10. Реализирани добивки/загуби

Реализираните добивки/загуби вклучуваат добивки и загуби по основ на продажба на хартии од вредност, нивелирани на цени при набавка на вредноста и наплата на достасани главници и камати на хартии од вредност со премија или дисконт.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

Реализираните добивки/загуби се признаваат како приходи и расходи во моментот на нивното настанување.

Добивките и загубите по основ на продажба на хартии од вредност преставуваат разлика помеѓу продажната вредност и вредноста на хартиите утврдена на крајот од претходната година или нивната набавна вредност доколку хартиите од вредност се набавени во тековната година.

### 3.11. Нереализирани добивки/загуби

Нереализираните добивки/загуби се признаваат како разлика помеѓу трошокот за набавка и објективната вредност на хартии од вредност односно амортизирана набавна вредност. При достасување на главницата или нејзин дел, како и при продажба на хартиите од вредност, износот на нереализирани добивки и загуби се пренесуваат како реализирани добивки/загуби за периодот.

### 3.12. Добивки загуби од курсни разлики

Трансакциите во странска валута се евидентираат во денари според курсот кој важел на денот на трансакцијата. Средствата и обврските се евидентираат според важечкиот курс на денот на извештајот за нето средствата на Фондот со состојба на датумот на известување. Разликите се евидентираат во билансот на успех како добивки/загуби.

### 3.13. Даноци

Фондот претставува посебен имот без својство на правно лице, па според тоа не е и обврзник за даноци.

### 3.14. Трансакции со поврзани страни

Во согласност со Законот за Инвестициски фондови, поврзани лица со инвестицискиот фонд се друштвото за управување со инвестициски фондови, депозитарната банка, адвокат, ревизор и даночен советник кои имаат договорен однос за давање на услуги на инвестицискиот фонд и друго лице кое склучило договор за давање на услуги за потребите на фондот.

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

### 3.15. Капитал

Фондот нема својство на правно лице, со оглед дека е основан и управуван од Друштвото за управување со фондови кое има својство на правно лице и претставува акционерско друштво. Поради ова, Фондот нема капитал, туку има само нето вредност на неговиот имот, кој претставува разлика помеѓу вредноста на вкупниот имот и вкупните обврски на Фондот.

Сопствениците на удели од Фондот имаат право на учество во добивката на Фондот кое го остваруваат преку откуп односно продажба на документите за удел, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намалена за сите трошоци и надоместоци.

### 4. Значајни сметководствени проценки и претпоставки

Презентацијата на финансиските извештаи бара користење на најдобри можни процени и разумни претпоставки од страна на раководството на Друштвото за управување со Фондот, кои имаат ефекти на презентираните вредности на средствата и обврските и обелоденувања на потенцијалните побарувања и обврски на денот на составување на финансиските извештаи, како и на приходите и расходите настанати во периодот на известување. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите кои се расположливи на денот на составување на финансиските извештаи, а идните стварни резултати можат да се разликуваат од проценетите износи. Значајните проценки и претпоставки се како што следува:

*Објективна вредност*
Објективната вредност на финансиските инструменти кои не котираат на активните пазари се определува со користење на интерни техники за вреднување. Друштвото за управување со Фондот применува професионално расудување при изборот на соодветните техники за вреднување. Техниките кои се користени при вреднувањето на објективната вредност на финансиските инструменти се прикажани во Белешка 5.3.

*Обезвреднување на финансиските средства*
Обезвреднување на сомнителните побарувања се заснова врз проценетите загуби кои потекнуваат од неможноста на договорните страни да ги исполнат своите договорни обврски. Методите кои се користат при проценката на адекватноста на загубите поради оштетувањето на финансиските средства се историјата на отпис на финансиските средства, кредитната способност, како и промените во услови за отплата. Проценките ги вклучуваат и претпоставките за идното однесување на договорните страни и идните готовински наплати. Доколку финансиската состојба на договорните страни се влоши, реалните отписи на сегашните финансиски средства може да бидат поголеми од очекуваните, при што тие може да го надминат тековното ниво на евидентираните резервации за загуби поради оштетување.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

## 5. Управување со ризици

*5.1 Значајни сметководствени политики поврзани со финансиските инструменти*

Деталите поврзани со значајните сметководствени политики и методи, како и критериумите и основите за признавање на приходите и трошоците за сите

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
За годината што завршува на 31 декември 2025 година

класи на финансиските средства и финансиски обврски се обелоденети во Белешка 3 кон овие финансиски извештаи.

| | | во денари |
|---|---|---|
| | 31 декември 2025 | 31 декември 2024 |
| **Финансиски средства** | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 43.362.251 | 1.556.311 |
| Финансиски средства кои се чуваат за тргување | 586.485.260 | 167.614.210 |
| Вложувања кои се чуваат до доспевање | 30.000.000 | 20.300.000 |
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | 162.148 | 80.041 |
| Побарувања по основ на камата и останати средства | 129.676 | 39.011 |
| | **660.139.335** | **189.589.574** |
| **Финансиски обврски** | | |
| Финансиски обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и останати обврски | - | 302.251 |
| Останати обврски | 1.864.575 | 873.569 |
| | **1.864.575** | **1.175.820** |

*5.2 Цели на управување со финансиските ризици*

Основна цел на Друштвото претставува професионално вложување на прибраните парични средства, дозволени и дефинирани во Законот за инвестициски фондови и обезбедување ликвидност на Фондот, а притоа и остварување на што поголема профитабилност при вложување во согласност со преземените ризици.

Во текот на своето работење Фондот влегува во различни трансакции кои пред се се однесуваат на купување и продавање на хартии од вредност на различни организирани пазари на хартии од вредност, како и депонирање на парични средства во банки.

На остварување на профитабилноста, влијаат и постоење на определени видови на ризици како што се следните: кредитниот ризик, пазарниот ризик и ликвидносниот ризик, каматен ризик и валутен ризик.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

За годината што завршува на 31 декември 2025 година

## а) Кредитен ризик

Фондот е изложен на кредитен ризик во случај кога издавачите на хартии од вредност или банките депоненти нема да бидат во состојба да ги исполнат своите обврски за плаќање. Фондот има политика со цел да се намали кредитниот ризик преку почитување на дадени ограничување за вложувањата согласно Законот за инвестициски фондови. Најчесто кредитниот ризик се јавува кај хартиите од вредност со фиксен доход, деривативни финансиски инструменти, парите и паричните еквиваленти, побарувањата од брокерски трансакции.

Изложеноста на кредитниот ризик и структурата на вложувањата на средствата од имотот на Фондот се дадени во белешката за Структурата на вложувања.

## б) Ризик од порамнување

